– Верникот ќе биде доближен на својот Господар на Судниот ден, ќе биде покриен од Неговиот превез, па Тој ќе го потсети на неговите гревови

Сафван бин Мухриз раскажува дека некој човек го прашал ибн Омер, Аллах нека е задоволен со него: „Што слушна од Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, да каже за тајниот разговор (ен-Неџва)?“ Тој одговори: „Го слушнав како вели: – Верникот ќе биде доближен на својот Господар на Судниот ден, ќе биде покриен од Неговиот превез, па Тој ќе го потсети на неговите гревови и ќе го праша: ‚Ги препознаваш ли?‘ Тој ќе рече: ‚Господару мој, ги препознавам.‘ Тогаш (Аллах) ќе му каже: ‚Јас ти ги сокрив во дуњалучкиот живот, а денес ти ги простувам.‘ Потоа ќе му биде дадена неговата книга со добрите дела. А што се однесува до неверниците и лицемерите, тие ќе бидат повикани пред сите созданија: ‚Овие се тие што изнесуваа лаги за Аллах.‘“

[صحيح] [متفق عليه]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, нè известил за тајниот разговор помеѓу Аллах и верникот на Судниот ден, велејќи дека верникот ќе биде доближен кон својот Господар на Судниот ден, па Тој ќе го покрие со Својот превез, така што никој од присутните нема да може да ги види неговите тајни дела, и ќе му рече: ,,Се сеќаваш ли на тој и тој грев..." – па ќе го потсети на гревовите што биле само меѓу него и Аллах. Тој ќе одговори: ,,Да, Господару мој." Кога ќе биде обземен од страв и вознемиреност, Возвишениот Аллах ќе му рече: „Јас ти ги покрив во дуњалучкиот живот, а денес ти ги простувам.“ Потоа ќе му биде предадена неговата книга со добрите дела. А што се однесува до неверниците и лицемерите, тие ќе бидат повикани пред сите присутни: „Овие се тие што изнесуваа лаги за својот Господар. Нека е Аллаховото проклетство врз насилниците!“

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/4242